## ООУ„ЛАЗО ТРПОВСКИ„ - СКОПЈЕ

## БРОШУРА-ИНФО ЗА УЧЕБНА 2022/23

**Официјална страна на училиштето: www.lazotrpovski.edu.mk**
**Мејл : trpovskilazo@gmail.com/Тел: 3071 656**

**МИСИЈА**

***Мисија: ИНОВАТИВНА НАСТАВА, РАБОТНА СРЕДИНАИ УЧИЛИШНА КЛИМА ВО КОЈА ПРИОРИТЕТ Е ИНДИВИДУАЛНАТА ЕФИКАСНОСТ,ОТВОРЕНОСТ, КВАЛИТЕТИ КРЕАТИВНОСТ ВО СИТЕ НАСОКИ!***

**ВИЗИЈА**

СОВРЕМЕНА,ТРАНСПАРЕНТНА,СТИМУЛАТИВНА И БЕЗБЕДНА
ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА СРЕДИНА СО ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ!!!

- УЧЕБНАТА 2022/23 ГОДИНА ЈА СТАРТУВАМЕ СО ВКУПНО **495 УЧЕНИЦИ** РАСПРЕДЕЛЕНИ ВО **22 ПАРАЛЕЛКИ** ,13 ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА ОД 1-5 ОДД И 9 ВО ПРЕДМЕТНА НАСТАВА ОД 6-9 ОДД.
- НАСТАВАТА ЌЕ ЈА РЕАЛИЗИРААТ **ВКУПНО 33 НАСТАВНИЦИ** НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК во ОДДЕЛЕНСКА И ПРЕДМЕТНА НАСТАВА ВО ЕДНА СМЕНА ЗА ПРЕДМЕТНА И СМЕНА И ПОЛОВИНА ЗА ОДДЕЛЕНСКА ОД 1-3 ОДД.
- ГЛАВНИ **ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ** ЗА УЧЕБНАТА 22/23 ГОДИНА СЕ:
  - УНАПРЕДУВАЊЕ НА НАСТАВАТА И ЦЕЛОКУПНИОТ ВОСПИТНО ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС
  - ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРОСТОРНИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ЗА РАБОТА
  - УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ
- СПОРЕД **КАЛЕНДАРОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА** (сл.весник 161/19 и 229/20)
  - Учебната 2022/23 почна на 1 септември 2022 и трае до 31 август 2023
  - Наставната година започна на 1.09 .2022 и завршува на 9.06.2023
  - Првото полугодие трае од 1.09-30.12.2022
  - Второто полугодие трае од 18.01.2023 -до 9.06.2023
  - Зимскиот распуст трае од 31.12.2022 до 17.01.2023
  - Летниот распуст трае од 10.06 – 31.08.2023
  - Денот на училиштето и еко деновите се работни ненаставни,за неработните денови (државни и верски празници)учениците ги известуваме два дена предходно
- **НАСТАВАТА** се организира согласно наставниот план и програма и тоа преку задолжителни и изборни предмети. Оваа година **новина се изборните предмети во 4 и 5** одд.кои од минатата година работат според новата концепција за образование.Оваа година како изборни предмети во 4 одд. ќе се изучуваат предметите: шах,одбојка,математичко и логичко размислување,изборен спорт,Сликање,цртање и моделарство
- Учениците од 4 и 5 одделение кои се опфатени со новата концепција оваа учебна година наставата ќе ја следат со активно користење на СМАРТ табли кои се поставени во 5 училници.
- **ПРОШИРЕНА ПРОГРАМА** во нашето училиште се организира во 1,2 и 3 одделение .Тоа е организирана целодневна настава каде што наставата ја изведуваат 2 наставници и во престојот е вклучен појадок,ужинка и ручек.Учениците кај матичниот наставник,во својата училница остануваат до 15.45 минути,а потоа заминуваат во ДЕЖУРНАТА училница заедно со ученици од други паралелки кај дежурниот наставник до 17 часот.

- **ДНЕВЕН ПРЕСТОЈ** се организира за ученици од 4 одделение.Тие исто така имаат појадок и ручек и останувaат во ист временски рок како и учениците од 1-3 одд.
- **Наставата по физичко образование** во 1,2, 3 и 4 одделение и оваа учебна година ја реализира наставник по физичко и здравствено образование.
- Во рамките на **инклузивното образование** ,во нашето училиште и оваа година продолжува соработката со нашиот ресурсен центар ,,Златан Сремец,, и оваа учебна година за сите дечиња кои согласно МКФ категоризацијата имаат потреба од поддршка се обезбедени Образовни асистенти.
- **ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ:**
  - Според Правилникот за организација на **ЕКСКУРЗИИ** за оваа учебна година предвидени се два излета(есенски и пролетен ) за сите ученици од 1-9 одд,дводневна екскурзија за 6 одд,настава во природа за 5 одд,тродневна за 9-тите одд.
  - Предвидени се РАЗНОВИДНИ **ПРОЕКТИ** (МИО,ЕКО,ЛИТЕРАТУРНИ ,СВЕТСКО КУЛТУРНО НАСЛЕДТВО,ПРОЕКТИ ОД ПРИРОДНИТЕ НАУКИ-ВКЛУЧЕНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД 8И9 ОДД ВО ЕРАЗМУС ПРОЕКТИТЕ,МЕГУНАРОДНИ ПРОЕКТИ-БЕИТ,ЦИФОНИ..И ТН)
  - Оваа учебна година ќе работат повече клубови во кои учениците заедно со наставниците ментори ќе можата да членуваат: ЈАЗИЧНИ КЛУБОВИ,СПОРТСКИ,МАТЕМАТИЧКИ,ДРАМСКИ,КЛУБ НА ФИЗИЧАРИ,ХЕМИЧАРИ,МАЛИ БИОЛОЗИ ...и сл)
- **ОЦЕНУВАЊЕ -** Учениците се оценуваат според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Учениците се оценуваат описно и нумерички според три развојни периоди: учениците од I до III одделение се оценуваат описно, учениците од IV до VI одделение се оценуваат описно и нумерички и учениците од VII до IX одделение се оценуваат нумерички. Секој наставник води досие за ученици и професионално досие на наставник. Досието за ученици содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Професионалното досие на наставникот содржи дел од изработките на учениците, планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.
- **ИМУНИЗАЦИЈАТА ЗА НАШИТЕ УЧЕНИЦИ СЕ ВРШИ ВО ДИСПАНЗЕР КАРПОШ.** Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство , Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинирањето се врши во амбулантата “Диспанзер Карпош“во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до Vодд, а за учениците од VI доIX одд.одделенскиот раководител или предметен наставник и родител.-Iодд.за учениците со навршенишест год.-ревакцина MRP(морбили,рубеола, паротит) -IIодд и IIIодд -ревакцина DT Polio(дифтерија ,тетанус) и тестирање манту заTBC . По добиените резултати од проверката следи вакцина.-VII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по коиследат ревакцини.Во периодот до12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените ,а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.-IXодд-само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа , дифтерија и тетанус .

*****ИМАЈТЕ УБАВА ,УСПЕШНА И ПРОДУКТИВНА УЧЕБНА ГОДИНА ВО МНОГУ ЗДРАВЈЕ И ДЕТСКИ НАСМЕВКИ!!!**